# ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ

## Стратешки план на Државната комисија за 2019-2021 година

Број 01-321/1

23.07.2018

Скопје

**СТРАТЕШКИ ПЛАН**
**НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ**
**за 2019-2021 година**

## 1. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки претставува повеќегодишен документ, кој ги одразува целите и приоритетите на Државната комисија за периодот 2019-2021 година. Во Стратешкиот план за 2019-2021 година се содржани целите и задачите на организациските единици и на Државната комисија за жалби по јавни набавки во целина, активностите за остварување на тие цели, како и ефектите и резултатите на истите.

Во Стратешкиот план утврдени се стратешките цели и приоритети на Државната комисија за жалби по јавни набавки, како во организациона смисла така и во начинот на работење и постапување на вработените.

### Мисија

Мисија на Државната комисија за жалби по јавни набавки е да обезбеди брза, објективна и ефикасна правна заштита во постапките за доделување договори за јавни набавки, како и по жалби во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство. Правната заштита е достапна во сите фази на постапката за доделување договори за јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство од објавата на огласот до доделувањето на договорот.

Ваквата правна заштита го промовира одржувањето и развојот на системот на јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство заснован на принципите на конкуренција, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки, како и на рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка, концесии и јавно приватно партнерство.

### Визија

Визија на Државната комисија за жалби по јавни набавки, е да придонесе за засилување на целокупниот систем на правна заштита во јавните набавки, концесиите и јавно приватно партнерство преку квалитетна и транспарентна работа.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ

Државната комисија за жалби по јавни набавки постави стратешки приоритетни цели и активности за реализација на истите, кои треба да бидат реализирани текот на 2019-2021 година. Тие стратешки приоритетни цели се:

**ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ:1 Решавање по жалбите во постапките за доделување на договори за јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство во законските рокови, на квалитетен и транспарентен начин.**

***Активност:*** 1.1 Зајакнување, развој и одржување на човечките ресурси на Државната комисија;

***Активност:*** 1.2 Надградба и одржување на воспоставената ВЕБ - страна на Државната комисија базирана на информации за секојдневната работа на Државната комисија и објавување на нејзината правна пракса во полето на јавните набавки, концесиите и јавно приватно партнерство, како и одржување на базата на податоци на Државната комисија;

***Активност:*** 1.3 Учество во процесот на постојана обука и стручно усовршување на сите инволвирани страни во постапките за доделување договори за јавни набавки (приватниот сектор, јавниот сектор и локалната самоуправа) преку организација на работилници;

***Активност:*** 1.4 Учество во подобрувањето на правната рамка која го уредува системот за јавни набавки во Република Македонија и

***Активност:*** 1.5 Следење на процесот на примена на ИСО стандарди за квалитет 9001:2015 во секојдневното работење и успешно поминување на надзорните проверки.

**ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ:2 Развој, одржување и надградување на електронската архива во Државната комисија за жалби по јавни набавки, како и воведување на електронски систем за управување и водење на целокупната жалбена постапка пред Државната комисија.**

***Активност:*** *2.1.* Систем за прием на жалби;
***Активност:*** *2.2* Електронска распределба на предмети по случаен избор;

***Активност:****2.3* Електронско доставување на одлуки на Државната комисија до странките во постапката за правна заштита и

***Активност:****2.4* Интегриран систем за поврзување на сите инволвирани страни во жалбената постапка пред Државната комисија по електронски пат во реално време, односно воведување на електронска жалба.